# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**09.12.2022 год.** **Бр.XXI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 22-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 07.12.2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 22-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.12.2022 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1396/1 од 09.12.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 22-та седница, одржана на 07.12.2022 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 21-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 08.11.2022 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1370/3 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 и член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 3 став 2, член 42 и 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.101/19, 275/19 и 122/2021) и член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времно користење на движна ствар – машина за одржување и тапкање на снег**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок движна ствар, машина за одржување и тапкање на снег марка „PISTEN BULLY 300 POLAR”, сопственост на Општин Крушево на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје-подружница Молика Битола.

**Член 2**

Движната ствар се дава на времено користење за сезоната 2022-2023 година, до крајот на март 2023 година.

**Член 3**

За времето за кое ќе се користи движната ствар, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје-подружница Молика Битола е должна тековно да ја одржува и сервисира и да се грижи совесно и домаќински.

**Член 4**

Примопредавањето на движната ствар ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје-подружница Молика Битола, при што ќе се состави записник.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое е дадена на користење, движната ствар треба да се предадае на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1370/4 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 84,85 и 85а од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РСМ“ бр.61/04; 92/07; 102/08; 35/11; 53/11; 84/12; 188/13; 192/15; 23/16; 96/19; 151/21 и 151/21), член 16 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РСМ“ бр.61/04; 64/05; 92/07; 123/12; 192/15; 23/16; 154/20 и 151/21 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 27 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/07; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на стечај, бришење од трговскиот регистар како и застареност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши траен отпис на даночните обврски на даночните обврзници во Општина Крушево по основ на стечајни постапки, по основ на застареност и по основ на прегледот на Централниот регистар на Република Северна Македонија на избришани правни лица и трговци поединци од трговскиот регистар за период заклучно со октомври 2022 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука се и списоците на обврзниците на кои треба да им се бришат должните салда и тоа:

**-За комунална такса за истакнување на фирми, односно назив на деловна просторија (фирмарина) во вкупен износ од 2.062.776,00 денари**
**-За комунална такса за користење на музика во јавни локали во вкупен износ од 45.000,00 денари**
**-За комунална такса за користење на простор пред деловни простории (предпростор) во вкупен износ од 236.220,00 денари**
**-За комунална такса за истакнување на стоки во витрини пред деловен простор во вкупен износ од 48.804,00 денари**

**Вкупната вредност на трајниот отпис на побарувања од даночни обврски изнесува 2.392.800,00 денари**.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1370/5 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 24 од Законот за јавна чистота ( “Сл.весник на РМ” бр. 111/08; 64/09; 88/10; 130/10; 23/11; 53/11; 47/12; 80/12; 163/13; 44/15; 147/15; 31/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21), и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл. гласник на Општина Крушево”,бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.12.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на надоместокот за одржување на јавната чистота во Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во Општина Крушево, по висина, начин на плаќање како и мерни единици по кои би се наплаќал.

**Член 2**

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини од членот 1 на оваа Одлука по мерни единици се утврдува на следниот начин:

- за сопствениците, односно корисниците на објекти за домување месечниот надоместок за одржување на јавната чистота на јавните површини се утврдува на 40,00 денари по домаќинство;
- за сопствениците односно корисниците на објекти за домување годишниот надоместок за одржување на јавната чистота на јавните површини се утврдува на 200,00 денари по домаќинство;
- за правните лица сопственици односно корисници на објекти за вршење на стопански и нестопански дејности со корисна површина на објектот до 50м2 се утврдува месечен надоместок од 30,00 денари по објект и по 10,00 денари по вработен;
- за правните лица, сопственици, односно корисници на објекти за вршење на стопански и нестопански дејности со корисна површина на објектот од 50 м2 до 100м2 се утврдува месечен надоместок од 100,00 денари по објект и по 10,00 денари по вработен;
- за правните лица, сопственици односно корисници на објекти за вршење на стопански и нестопански дејности со корисна површина на објектот над 100,00 м2 се утврдува месечен надоместок од 200,00 денари по објект и по 10,00 денари по вработен.

**Член 3**

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе се врши преку доставување на сметката за собирање и транспортирање на комунален отпад и на другите видови на неопасен отпад, а ќе се прикажува одвоено на сметката

**Член 4**

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота .

**Член 5**

Правата и обврските помеѓу општината и јавното комунално претпријатие, како давател на услугите, ќе се уредат со Договор.

Договорот од ставот 1 на овој член може да се склучи најмногу за период од четири години.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1370/6 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 114 став 8 и 17 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14;10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17 21/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19;146/19;275/19; 311/20; 294/21; 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево**

1.Од член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник од родителите на предлог на советот на родители, СЕ РАЗРЕШУВА:

**-ЗОРИЦА КИРОСКИ**, од Крушево.

2. За член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник од родителите на предлог на советот на родители, СЕ ИМЕНУВА:

**- СТАНКА НОВЕСКА** од Крушево.

3. Мандатот на член на УО трае 4 (четири) години.

4. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

5. Примерок од решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1370/7 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19; 82/20 и 89/22) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.12.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање на Согласност на ценовникот за измена и дополнување на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево**

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на ценовникот за измена и дополнување на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево бр.02-217/3 од 24.11.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1370/8 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 82/20 и 89/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП “Комуна” Крушево за периодот 01.01.2022-30.09.2022 година**

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува извештајот за финансиското работење на ЈП “Комуна” Крушево за период 01.01.2022-30.09.2022 година, бр.05-207/1 од 07.11.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1370/9 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1360/1 од 28.11.2022 година од Илинка Кондовска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади) денари по барање бр.08-1360/1 од 28.11.2022 од Илинка Кондовска од Крушево ул.„Таќа Бербер“ бр.10 со ЕМБГ 0312959448002;

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.240207114994736 депонент АД УНИ Банка Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1370/12 од 07.12.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**


1.Заклучок за објавување на актите донесени на 22-та седница на Советот на Општина Крушево ... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 21-та седница на Советот на Општина Крушево .......... 1
3. Одлука за давање на времено користење на движна ствар – машина за одржување и тапкање на снег ........................................................................ 1
4. Одлука за извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на стечај, бришење од трговскиот регистар како и застареност ............. 2
5. Одлука за утврдување на надоместокот за одржување на јавната чистота во Општина Крушево ................................................................ 2
6. Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево ................................................................ 3
7. Заклучок за давање на согласност на ценовникот за измена и дополнување на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево ..................... 4
8. Заклучок за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП „Комуна“ Крушево за периодот 01.01.2022-30.09.2022 година ........ 4
9. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Крушево за 2023 година ...... 5
10. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Илинка Кондовска од Крушево ........ 5


Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.